ОПШТИНА КИЧЕВО
www.kicevo.gov.mk
kicevo2025@kicevo.gov.mk
тел: 045 / 22 00 20

KOMUNA E KËRÇOVËS
www.kicevo.gov.mk
kicevo2025@kicevo.gov.mk
tel: 045 / 22 00 20

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## Конкурс за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево

-конкурсна документација-



## - СОДРЖИНА НА КОНКУРСНА ДОКУМЕНТАЦИЈА -

Покана за поднесување на идејни решенија

ДЕЛ I: Инструкции за учесниците

1.Општи податоци за распишувачот на конкурсот

2. Предмет, цел и задачи на  конкурсот

3. Трошоци за поднесување на идејно решение

4. Конкурсни услови

5.Начин на достава на идејните решенија

6. Комисија за оценување на конкурсот

7. Критериуми за доделување на награди

8. Конкурсни критериуми

9. Награди и откупи

10.Проектна задача

11.Рокови за изработка на конкурсното решение

12. Завршни одредби

ДЕЛ II: Прилози

1. Проектна задача за подготовка на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево.
2. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога за КО Кичево 6 и КО Кичево 8.

ОПШТИНА КИЧЕВО
www.kicevo.gov.mk
kicevo2025@kicevo.gov.mk
тел: 045 / 22 00 20

KOMUNA E KËRÇOVËS
www.kicevo.gov.mk
kicevo2025@kicevo.gov.mk
tel: 045 / 22 00 20

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ИДЕЈНИ РЕШЕНИЈА

Почитувани,

Општина Кичево со седиште на ул.„Борис Кидрич" бр.2, 6250 Кичево, телефон 045/220-020, електронска пошта: kicevo2025@kicevo.gov.mk, интернет адреса www.kicevo.gov.mk , има потреба од спроведување на конкурс за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево. За таа цел, во согласност со член 124 став 1 точка б од Законот за јавните набавки („Службен весник на РСМ" бр. 24/2019 и 87/2021

), Општина Кичево спроведува конкурс за избор на идејно решение.

Ве молиме да ни го доставите Вашето идејно партерно и архитектонско решение за горенаведениот предмет на конкурсот најдоцна до 06.04.2026 година во 12.00 часот (по локално време) по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на Општина Кичево.

Со оваа покана Ви доставуваме конкурсна документација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на идејното решение.

Отворањето на идејните решенија нема да биде јавно и ќе се изврши на датум и час определени како краен рок за поднесување на идејните решенија во просториите на Општина Кичево.

Однапред благодариме на соработката.

Во Кичево, 02.03.2026година

**ДЕЛ I: Инструкции за учесниците**

1.**Општи податоци за распишувачот на конкурсот**

Општина Кичево со седиште на ул.„Борис Кидрич“ бр.2, 6250 Кичево,

телефон 045/220-020,

електронска пошта: kicevo2025@kicevo.gov.mk,

интернет адреса www.kicevo.gov.mk

Лице за контакт кај договорниот орган е Ристе Лазаровски

**2. Предмет, цел и задачи на конкурсот**

Предмет на конкурсот е избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево.

Целта на овој Конкурс е по пат на транспарентност да биде вклучена стручната јавност што значи Конкурсот ќе биде јавен и анонимен, а право на учество имаат домашни и странски, физички и правни лица од областа на архитектурата-дипломирани инженери архитекти, дипломирани градежни инженери, студенти по архитектура и други физички лица од области поврзани со дизајн, обликување, естетика на просторот, уметност и друго.

Поблиска определба на очекуваните цели и предметот на конкурсот се дадени во прилог II од оваа конкурсна документација, во утврдената Проектна задача.

**3. Трошоци за поднесување на идејно решение**

Учесникот на конкурсот, ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на идејното решение, а Општина Кичево не е одговорна за тие трошоци без оглед на водењето и исходот од постапката за избор на идејно решение.

**4. Конкурсни услови**

- Конкурсот е јавен и анонимен, право на учество имаат сите правни лица и физички лица.
- Учесниците на конкурсот се пријавуваат под шифра.
- Членовите на оценувачката комисија, немаат право на учество на конкурсот.
- Секој конкурсен труд треба да биде изработен во од по еден примерок хартиена и дигитална форма и да и содржи следните елементи:
  - Идејно решение;

- Графичка анализа на просторот;
- Текстуално образложение на идејата;
- Ситуација;
- Карактеристични пресеци на целата локација (попречни и надолжни);
- Решение за урбаната опрема;
- Решение за осветлување со модерно енергетски ефикасни светилки;
- Задолжително 3D визуелизации и анимации;
- Сообраќајно решение за наведените локации и целокупна сигнализација на тие локации,

- Секој кој ќе го предаде конкурсниот труд се согласува со условите на оваа конкурсна документација.
- Секој од учесниците има право да учествува повеќе идеи.
- Оценувањето на идејните решенија, поднесени на конкурсот за избор на идејно решение го врши жири комисија избрана од Градоначалникот на Општина Кичево.
- Изборот на идејните решенија ќе биде објавен, најдоцна во рок од 30 дена од денот на завршување на конкурсот. Конкурсните трудови кои нема да бидат прифатени ќе се вратат во рок од 10 дена од денот на завршување на постапката.

**5.Начин на достава на идејните решенија**

- Идејните решенија се доставуваат во печатена и електронска верзија PDF и DWG, во затворена обвивка со натпис **Конкурс за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево** со шифра од максимум пет знака и задолжителна препорака **„Не отварај“!.**
- Секој прилог доставен во трудот, потребно е да се нумерира со реден број во долниот десен агол и со истата шифра во горниот десен агол, како и да се приложи список на прилозите со редниот број.
- Шифрата на конкурсниот труд треба да содржи 5 знака (големи букви и/или бројки во компјутерско писмо ARIAL) со големина 16 на Б2 форматот и големина 12 на А3 форматот.
- Податоците за авторот треба да се наведат во посебен затворен плик приложен во трудот со назнака **„Автор“** и назначен со истата шифра.
- На обвивката не е дозволено пишување на името на учесникот и ставање/бележење со било какви ознаки со кои ќе се наруши анонимноста на Конкурсот.
- Податоците за адресата на која треба да се врати неприфатениот труд треба да се наведат во друг плик со назнака **„Адреса за враќање на трудот“** и назначен со истата шифра.
- Краен рок за предавање на конкурсните трудови е **06.04.2026** година до 12:00 часот.

- Трудовите се предаваат во Архивата на Општина Кичево, лично или преку пошта до крајниот рок за поднесување на трудови **06.04.2026**година во 12:00 часот. Жири комисијата нема да ги земе во предвид трудовите пристигнати после наведениот тертмин и датум определен како краен рок за поднесување понуди.

**6. Комисија за оценување на конкурсот**

**Работа на конкурсната комисија:**

Оценувањето на проектите поднесени на конкурсот за избор на идејно решение го врши жири комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кичево, составена од пет членови кои се независни од учесниците на конкурсот и се лица со соодветни професионални квалификации и искуство во таа област.

Резултатите ќе бидат објавени на ист начин на кој е објавен и конкурсот. Авторот на наградениот труд и останатите учесници ќе бидат писмено известени.

Анонимноста на учесниците мора да се запази пред жири комисијата сè додека таа не донесе мислење или одлука.

Жири комисијата е самостојна во работата и донесувањето на своите одлуки.

Жири комисијата ги оценува поднесените трудови врз основа на критериумите за оценување наведени во огласот.

Жири комисијата поднесува извештај до градоначалникот и до учесниците, потпишан од сите нејзини членови, во кој е претставено рангирањето на проектите врз основа на нивната квалитативна оцена и конкретните забелешки и доколку е потребно, листа на прашања што треба да се разјаснат.

Жири комисијата може да ги повика учесниците на конкурсот да одговорат на прашањата од точка 8, заради разјаснување на сите аспекти што се однесуваат на предложениот план или проект.

Жири комисијата води записник од дискусиите што се воделе при рангирањето на учесниците.

**7. Критериуми за доделување на награди**

При изборот и утврдување на наградите комисијата ќе се раководи од следните параметри

- Целосно почитување на програмските барања;
- Изводливост и одржливост на решението;
- Инвентивност во пристапот на обликување на проектното решение;

- Економичност на решението;
- Задоволување на сите прописи и нормативни акти за проектирање;
- Лесна пристапност до плоштадот;
- Несметано извршување на функциите на постојните објекти;
- Задоволување на потребите на жителите;
- Почитување на стандардите и нормативите пропишани за овој тип на објекти;
- Потполно задоволување на условите од Конкурсот;
- Целосна застапеност на програмската содржина;
- Креативност и инвентивност на понудените решенија;
- Оригиналност;
- Флуидност и транспарентност со посебен третман на пристапноста на лицата со посебни потреби;
- Изводливост;
- Безбедност на сообраќајот.

**8. Конкурсни критериуми**

**8.1 Просторни критериуми (од 0 до 20 бодови):**

- почитување на условите од Деталниот урбанистички план и дополнителните ограничувања од проектната задача
- креирање на квалитетна просторна целина;
- архитектонски и пејсажни вредности на плоштадот;
- препознатливи просторни амбиенти, акценти, визури;
- пристапност;
- рационално сообраќајно решение; дефинирани удобни пешачки движења во рамки на плоштадот, како и соодветни по позиција пристапи за пешаци и за возила.

**8.2 Програмски критериуми (од 0 до 20 бодови):**

- исполнетост на програмски дадености;
- воспоставување на програмските релации;
- употребливост на јавниот простор и зеленилото;
- безбедност.

**8.3 Економски критериуми (од 0 до 15 бодови):**

- економска оправданост и спроведливост на решението;
- рационална изведба;
- рационално одржување на просторот;
- животен век на решението;
- влијание на решението врз вредноста на контекстот;

- другите социо-културни и економски влијанија од идната употреба на просторот.

### 8.4 Естетски критериуми (од 0 до 15 бодови):

- отвореност и инклузивност на употреба;
- креативност, иновативност и архитектонски придонес на проектот за плоштадот во локалниот и регионалниот контекст;
- уметничка вредност на обликуваниот простор;
- однос кон околниот простор и создадените вредности;

### 8.5 Еколошки критериуми (од 0 до 15 бодови):

- влијание на урбанистичко-архитектонското решение врз животната средина;
- почитување на принципите за одржлив урбан развој;
- степен на зачувување и унапредување на инвентаризираниот зелен фонд;
- примена на зеленило со еколошки, а не само декоративни функции;
- ефикасна употреба на вода за наводнување;
- селекција и управување со отпад

### 8.6. Графичко- визуелни критериуми (од 0 до 15 бодови):

- Графичка анализа на просторот;
- 3D визуелизации и анимации

## 9. Награди и откупи

Општина Кичево ќе додели:

- **прва награда за избраното најдобро идејно решение во висина од 100.000.оо денари**
- **втора награда за избрано идејно решение во висина од 50.000.оо денари**
- **трета награда за избрано идејно решение во висина од 30.000.оо денари**

Овие награди истовремено ќе претставуваат и откуп на авторските права и обештетување на авторите во целост, за што истите мора да пополнат и достават соодветни **Изјави за согласност за откуп/отстапување на авторските права.**

Со исплатата на конкурсните трудови – доделување на наградата, распишувачот на конкурсот се стекнува со право на употреба на наградениот труд во целост.

Наградените и откупени трудови остануваат сопственост на Општина Кичево. Наградениот и откупен труд може да се користи во целина или во делови и преку понатамошна изработка

во основен проект. Истиот може да биде прилагоден на ситуацијата на теренот односно просторните и техничките можности и ограничувања.

**10.Проектна задача**

**Име на проектот:** Идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево

**Предмет на задачата:** Предмет на оваа задача е изработка на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево

**Граница на опфатот:** Проектниот опфат кој е предмет на оваа проектна задача е дефиниран во рамките на:

- постојниот градски плоштад (дел од КП бр.4378/1 КО Кичево 6) и дел од ул. „Маршал Тито", (дел од КП бр 4361 КО Кичево 6 и дел од КП бр 4361/8 КО Кичево 8 до пресекот со ул„.11 Октомври" ),
- дел од улица „Кузман Јосифоски Питу" (КП 2192 и КП бр 2104 КО Кичево 6 во делот од пресекот со ул."Санде Штерјоски" до пресекот со ул.„11 Октомври") и
- дел од Бул.„Ослободување ( дел од КП бр.4378/1 КО Кичево 6 во делот од пресекот со ул.„Тане Цалески"до пресекот со ул. „ Кузман Јосифоски Питу ").

**Главната цел** на ангажманот е да се изготви соодветно идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево како основа за изработка на урбанистичка планска / проектна документација во согласност со важечките плански прописи во Општина Кичево (во рамките на важечкиот ГУП како и со Деталните урбанистички планови за градот Кичево) во предвидениот проектен опфат и во согласност со националните прописи.

**Очекуваните цели** од ова идејно архитектонско решение се состојат во:

1.**Просторна и функционална реорганизација**

•Хуманизација на просторот: Примарна цел е пренасочување на приоритетот од моторниот сообраќај кон пешакот, создавајќи безбедна и континуирана пешачка зона.

•Проширување на корисната површина: Максимизирање на јавниот простор преку рекултивација на делови од коловозот и нивно интегрирање во единствената целина на плоштадот.

•Подобрување на пристапноста: Обезбедување на непречен пристап за сите групи граѓани (лица со попреченост, родители со колички, постари лица) преку елиминирање на архитектонските бариери.

2.**Сообраќајно решение и безбедност**

•Оптимизација на тековите: Воведување нов режим кој ќе го растовари централното јадро, а истовремено ќе овозможи контролиран пристап за достава и итни служби.

•Смирување на сообраќајот: Користење на архитектонски елементи (нивелација, текстура на материјали) за природно забавување на возилата во контактните зони.

3. **Урбан дизајн и идентитет**

•Создавање „Точка на привлекување“. Дизајнирање на плоштадот како препознатлив симбол на Кичево кој ќе генерира социјална, културна и економска активност.

•Унификација на урбаната опрема: Поставување на современ урбан сет (клупи, осветлување, информативни табли) кој е стилски усогласен и функционален.

•Микроклиматско подобрување: Зголемување на процентот на зеленило и воведување водени површини за подобрување на амбиентот и намалување на летните температури.

## 11.Рокови за изработка на конкурсното решение

Трудовите се предаваат во –Архивата која се наоаѓа во објектот/зградата на Општина Кичево ул.„Борис Кидрич“ бр.2; 6250 Кичево, лично или преку пошта до крајниот рок за поднесување на трудови, 06.04.2026 година во 12.00 часот.

Конкурсната комисија ќе ја заврши својата работа со објавување на резултатите од конкурсот најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од денот на предавањето на трудовите.

Секое прашање, информација или известување во постапката со спроведување на конкурсот за изборот на идејно решение се испраќаат во писмена форма, по пошта или со користење на електронски средства на следната електронска адреса: kicevo2025@kicevo.gov.mk.

## 12. Завршни одредби

- Со предавањето на конкурсниот труд секој учесник ги прифаќа пропозициите на конкурсот.
- Распишувачот на конкурсот со доделување на наградата ги откупува авторските права.
- Распишувачот го задржува правото да врши измени во идејното решение.
- Оценувачката комисија нема да ги разгледува оние конкурсни трудови кои што ќе пристигнат по предвидениот рок или не се изработени според условите и расписот на конкурсот.
- Членовите на Жири Комисијата немаат право на учество на конкурсот.

Во согласност со конкурсната документација на **Конкурсот за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево "** објавен од Општина Кичево, ја давам/ме следнава

**И З Ј А В А  З А  С О Г Л А С Н О С Т**

**за откуп/отстапување на авторските права**

Од авторот/ите ______________________________

______________________________

______________________________

како учесник/ци на Конкурсот под шифра „__________________".

___________________________________

(име на физичко лице и потпис/

назив на правно лице, печат и потпис

на управител)